**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6547 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ- ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Скопје, кој емитува програма на бошњачки и на македонски јазик, на регионално ниво (Д1), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз седумнаесет изданија на Дневникот во 18 и 30 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 7 часа 15 минути и 3 секунди.

Поради континуирани технички пречки во снимките од програмата на овој медиум, нема записи за времето одвоено за директни обраќања на субјектите и не е возможно да се образложат прилозите реализирани преку аналитички жанрови.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Едо | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:14:35 | 54.52 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:28 | 9.22 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:10 | 4.36 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:41 | 6.29 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:21 | 23.74 | % |
| АРМ | 00:00:30 | 1.87 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:26:45** | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Претседател на РМ | 00:02:59 | 4.89 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:15 | 5.33 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:29 | 23.74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:49 | 14.45 | % |
| Други субјекти | 00:10:57 | 17.95 | % |
| Без субјекти | 00:10:11 | 16.69 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:45 | 9.42 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:03 | 1.72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:03 | 1.72 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:43 | 1.17 | % |
| Левица | 00:00:43 | 1.17 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:43 | 1.17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:21 | 0.57 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:01:01** | 100 | % |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 03:18:44 | 59.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:45:14 | 31.55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:21:50 | 6.55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:59 | 1.79 | % |
| Либерална партија | 00:00:50 | 0.25 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:58 | 0.29 | % |
| Вкупно за тема: | 05:33:35 | 100 | % |
| Вкупно: | 07:15:03 | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 5 часа 33 минути и 35 секунди (Табела 1). Од овој сегмент од вестите се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ ЕДО емитува програма на подрачјето на три изборни единици – ИЕ1, ИЕ2 и ИЕ3. Во ИЕ1 и ИЕ2 се натпреваруваа сите учесници во изборниот процес, освен ПДП, додека во ИЕ3, кандидатски листи имаа сите освен ПДП, Беса, и Коалиција „Алијанса за Албанците".

Времето во овој сегмент од вестите е дистрибуиран на следниов начин: за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 3 часа 18 минути и 44 секунди (59,58%); за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 45 минути и 14 секунди (31,55%); за Демократската Унија за интеграции (ДУИ) - 21 минута и 50 секунди (6,55%); за Демократската партија на Албанците - 5 минути и 59 секунди (1,82%); за Коалицијата ВМРО за Македонија - 58 секунди (0,29%); и за Либералната партија - 50 секунди (0,25%). Нема информации за Коалиција за промени и правда, и за Левица.

За активностите на органите за власт, е информирано во прилози со информативни жанрови кои траат 26 минути и 45 секунди (Табела 1), од кои најмногу време е посветено на активностите на Владата на РМ - 14 минути и 35 секунди (54,52%), потоа на активностите на органите на државната управа/јавните претпријатија - 6 минути и 21 секунда (23,74%), додека за министрите/замениците од СДСМ одвоени се 2 минути и 28 секунди (9,22%) од времето на дневно-информативните содржини.

Другите теми поврзани со изборите сочинуваат 1 час 1 минута и 1 секунда од вестите (Табела 1). Ова време ги опфаќа прилозите за општи информации за митинзите на учесниците на изборите, изјави на амбасадори/меѓународни организации/странски политичари во врска со изборниот процес како и средби на претседателот на РМ и на одредени министри, извештаи од ДИК, известувања за анкетите во врска со резултатите од изборите изработени од неколку агенции, директни анкети со граѓани, изјави на градоначалници во врска со изборниот процес, известувања за демолирани партиски штабови, известувања за потпишување меморандуми помеѓу граѓанскиот сектор и политички партии. Во овој сегмент од дневно-информативните содржини, најмногу време е посветено на активностите на Државната изборна комисија - 14 минути и 29 секунди (23,74%), а потоа на амбасадорите/меѓународните организации/странските политичари - 8 минути и 49 секунди (14,45%). Времето од дневно-информативните програми кое е означено со „без субјекти" се однесува на анкетите со граѓани во врска со нивното мислење за изборите и изборните резултати, додека времето означено со „други субјекти" се однесува на резултатите од анкетите спроведени од неколку агенции.

Авторските коментари, осврти и други прилози во кои се изнесуваат ставови зафаќаат дополнителни 13 минути и 42 секунди од времето во вестите во 18 и 30 часот, кое не е составен дел од Табела 1.

Коментарите се преземени од медиумите „Република“ и „Радио Слободна Македонија“ и се однесуваат на темата за федерализација.

***Сектор за програмски работи***